# Сите нејзини демони

Оља Петрушевска - Томева

САКАМ КНИГИ

*Пред да нурнете во страниците на овој роман треба да знаете дека оваа приказна започна многу пред овој момент. За да ги разберете целосно причините за сите случувања, мотиви и сенките што ја прогонуваат личноста која може да стори нешто толку ужасно, ве покanuвам да го прочитате мојот претходен роман „Одмаздата на богомолката“. Таму ќе го откриете потеклото на одмаздата што го обликуваше ова суштество и дури тогаш ќе ја сфатите вистинската длабочина на демоните со кои сега се соочува.*

# СИТЕ НЕЈЗИНИ ДЕМОНИ

***„Единственото нешто од што треба да се плашиме е човекот.“***
***- Карл Густав Јунг***

– Многупати ме измачуваа во младоста, но дали тоа треба да ми биде оправдување за сѐ што сторив? Одамна не сум имала олку јасна мисла како сега. Свесна сум за сѐ! Сега за првпат го гледам патот. Го гледам јасно пред мене. Еве го. Ха-ха-ха-ха! Колку ми бил краток патот. Ха-ха-ха-ха... Но сепак ти благодарам што ми го покажа! Не се жалам за тоа што е толку кус, бидејќи досега изодев многу долг пат. Едвај излегов од темнината, дојдов од внатрешноста, од дното, од каде што се тие... Пссст! Да не ме слушнат, знаеш така?, за ѓаволите зборувам. Тие ми беа господарите, тие ме водеа, на нив се угледував. Но ти ме спаси, ти ми го покажа патот. Јас сум едно од твоите чеда. Милостив Господе тебе ти зборувам. Дали мислиш дека правев добро? И дали ги казни моите мачители?

Молк, тишина. Нема никаков одговор. По некое време тишината ја прекинува гласно, хистерично смеење.

– *Никого ти не си казнил, но мене ме казни! А јас сето тоа го правев за тебе. Јас ти бев слугата.*

– Престани, ќе ја исплашиш, таа е мала и кревка.

– *Уф, како па да не. И таа ќе порасне, а не заслужува. Ќе биде вистинско зло.*

– Господе, Господе, те молам спаси ме. Овој човек е лош, сака да му наштети на девојчето, сака да ми наштети и мене. Алоооо! Господи, тебе ти зборувам од дното на душата се повикувам кон Тебе, Господи.

Повторно хистерично смеење. Пак молк. Цимолење. Шмркање. Гласен плач. Лелек. Молба за прошка за последниот поздрав.

– Господи, чуј го гласот мој. Ушите Твои нека го чујат гласот на молењето мое. Во Тебе има простување. Тогаш дали ќе го одржиш зборот Твој? Господи, чекав долго на Тебе, а ти ја чекаше и се надеваше на душата моја. Еве ти ја подарувам, затоа што верувам во милоста твоја и знам дека ќе ме избавиш од сето беззаконие и ќе ми ги простиш сите гревови.

– *Престани да цимолиш, зошто Господ те заборави и те остави со мене. Ха-ха-ха-ха!* Хистеричното смеење ја нарушува тешката тишина. *Секој си го доби заслуженото. Но светот е спасен од тие што не заслужија ни да се родат, а камоли да живеат. Но знаеш оној твојот, што го викаш Господ, им даде шанса. А зошто им ја даде... за џабе! А–Ха-ха-ха-ха! Господ нема да ти помогне. А јас нема да им дозволам тие да ми пресудат, а знаеш зошто, бидејќи сум секој пат три чекори пред нив. Заглавена си засекогаш со мене и ќе гориш во пеколот.*

Тишината ја прекинува треското на металниот стол врз бетонскиот под.

Тишина.

# I ДЕЛ

## НЕОЧЕКУВАНА СРЕДБА – ПОЧЕТОК НА КРАЈОТ
## ЕДНА ВЕЧЕР НЕКАДЕ ВО СИБИРСКАТА ОБЛАСТ

### 1

Чекореше бавно. Едвај ги креваше нозете тешки како санта мраз. Прстите на стапалата повеќе не ги чувствуваше и покрај тоа што ги носеше чизмите изработени од овча кожа, кои ги купи специјално за оваа пригода. Не оставаше ништо на случајноста, па се подготви соодветно за временските услови. Но и кожните чизми, обложени со дебело крзно кои и доаѓаат скоро до колената, не можеа да ја заштитат од суровиот студ. Дланките ги пикаше во внатрешноста на џебовите од дебелата јакна, исто така обложена со крзно, сакајќи што повеќе да ги затскрие од студот. Со секој нов чекор студот ѝ задаваше се поголема болка. Ја болеше и воздухот што го вдишува. Се обиде да зема помали здивови и вдишувањето да ѝ биде што поплитко, иако тоа ѝ претставуваше голем напор поради долгото пешачење. Беше забревтана, што од уморот кој го чувствуваше, што од стравот.

Веќе некое време, можеби петнаесетина минути како чекореше тешко газејќи во длабокиот замрзнат снег и во глува темнина. Жива душа немаше наоколу. Одвреме–навреме ќе слушнеше спорадични лаежи од пци кои покрај

студот ѝ ја заледуваа крвта. Но ова беше веројатно единствениот и најбрзиот начин да стаса до најоддалечената куќа во ова проклето место.

Со оглед дека беше доцен декември, само три дена пред дочекот на новата година, снегот беше сѐ што можеше да се види наоколу. Од толку снег што беше наврнало моторните возила беа онеспособени за употреба. Токму поради тоа имаше да избира помеѓу двете опции, или да ја чека единствената санка која служеше за секаква намена на жителите на оваа Недојдија или да појде пеш. Чиновникот од општината, каде се упати веднаш штом слезе од автобусот, кој ја довезе од Биробиџан до Птичник и рече дека повеќе ќе ѝ се исплати доколку појде пеш.

– Госпоѓо не се знае колку долго ќе треба да чекате да дојде вашиот ред за санката – ѝ рече општинскиот чиновник. – Знаете тука има ред. Луѓето неколку дена однапред се пријавуваат. Има и болни луѓе кои треба да се пренесат до амбулантата. Разбирате, така? – ѝ се насмевна чиновникот, зјапајќи во неа како да видел некое чудо.

Таа само му кимна со главата и тамам сакаше да го праша кој пат да го фати, бидејќи не ѝ беше до муабет, кога тој продолжи да прашува зјапајќи во неа како да видел вонземско чудо.

- А кое добро ве донесе тука во нашето преубаво село Птичник? – Името на селото посебно го нагласи, како да сакаше да му даде на значење дека е посебно место и заслужува секој да знае за него.

Додека сѐ уште мислеше што да му одговори, тој продолжи со прашањата. Се чинеше како да има составено листа од значајни прашања кои треба да ѝ ги постави на оваа несекојдневна гостинка.

- По работа да не сте дојдени? – Па повторно продолжи да објаснува за своето родно место, како воопшто да не ѝ го постави прашањето пред само неколку секунди. Чиниш беше туристички водич кој се обидува да ти продаде патување до место за кое никогаш не би ти паднало на памет да го посетиш.

- Знаете целата оваа област, градот Биробиџан и околијата, вклучувајќи го и нашето село, се многу познати. Светски познати – посебно ги нагласи последните зборови. – Знаете, тука се копа многу руда. Има многу рудници од каде се ископуваат злато и дијаманти. – Изговарајќи ја последната реченица го намали тонот, речиси шепотеше, како да сакаше да ги скрие изговорените зборови од будните уши на некои доушници, иако во просторијата немаше никој друг освен неа меѓу празните ѕидови.

- Да, а? – незаинтересирано изговори таа.

- Исто така, не знам дали знаете дека сме познати и по лососот. Тука се најголемите природни мрестилишта на дивиот лосос. Знаете, устието на реката Амур формира природен канал каде има лосос колку што не сте виделе во животот – продолжи да раскажува чиновникот на лош англиски јазик. – И што рековте зошто сте тука?

- По работа! – кратко му одговори таа. Не сакаше на ова чудно љубопитно човече да му раскажува за причината на нејзината посета на ова место во кое никогаш во животот под други околности не би дошла.

- А како дојдовте до Биробиџан? – повторно праша здодевниот чиновник.

- Со воз! Трансибирската железница.

- А–ха. – Се воздржуваше од понатамошни прашања, мислејќи дека веќе ја заморува несекојдневната посетителка. Но сепак љубопитноста преовлада, па продолжи со заморувачките прашања. – А во Москва се качивте на возот?

- Да – кратко одговори таа и стана од столчето оддавајќи знаци на нервоза. – Знаете што, имате право. Веќе е доцна и се стемнува, па време е да појдам. Велите за два часа сум таму?

- Да, да госпоѓо. Се надевам дека лесно ќе се снајдете. Кога ќе ја поминете последната куќа од селото, тоа не е крајот. Понатаму имате вака од око уште дваесетина минути одење. Патот е прав, но можеби поради снегот тешко ќе го држите правецот. Но нема да промашите. Значи дваесет минути одење и ќе ги забележите комплексот

од неколку двокатни куќи – ѝ повтори за да се увери дека гостинката добро го разбрала. – Знаете тоа се стари куќи во кои живеат риболовци. Работничка класа. Тоа не е баш убаво место. Вардете се од пците – ѝ напомена со повишен тон. – Во ова време од годината се гладни, снегот ја прекрива сета храна.

На излегување чиновникот ѝ мавна со раката, додека таа ја напушташе канцеларијата од општинската зграда која беше дел од блокот стари згради, изградени во комунистички стил. Човекот беше мошне срдечен или пак само така нејзе ѝ се чинеше. Можеби беше само љубопитен. Беше свесна дека неговото однесување беше реакција на нејзината посета, која веројатно не беше својствена за ова место. Таа не беше секојдневна гостинка. На вакви места странските посетители не беа чести, па мештаните ги гледаа како чудо.

## 2

Погледна на часовникот кој во исто време ѝ го мереше пулсот, па тоа ѝ го одвлече за кратко вниманието. Пулсот ѝ беше прилично забрзан, веројатно поради пешачењето или предизвикот со кој се соочи. Пешачеше долго. Сега од оваа перспектива, по час и половина пешачење на температура од минус дваесет и седум степени целзиусови, во црна темница, знаеше дека направи грешка. Требаше да го истрпи чиновникот и да ја почека санката. Кога и да е, ќе дојдеше. Повеќе не беше на години кога можеше да го изложува телото на ваков напор, а и последните години здравјето како да ја изневеруваше. Никогаш, ни во сон немаше помислено дека на овие години ќе дојде тука на ова проклето место за толку проклета работа, која ја извади од колосек.

- Па добро бре, мајчината, од сите прекрасни места во светот, да одбереш да живееш во последната куќа, во најоддалеченото сибирско село – гласно и луто изговори со последните сили, по што забележа дека и пците повеќе не залајаа.

Ѝ се чинеше дека оди многу повеќе од тоа што ѝ го кажа чиновникот. Веројатно последните петнаесетина – дваесет минути беше многу бавна. Студот како и тежината од облеката што ја имаше на неа поприлично ја забавуваа. Но и покрај тоа што беше толку наоблечена, што едвај успеваше да се движи, сепак ѝ студеше. Од студот повеќе ни страв не чувствуваше. Единствено што сакаше е да стигне до таа проклета куќа.

Конечно во далечината забележа неколку бледи светла. Мора да е тоа комплексот од куќи за кој зборуваше чиновникот. Комплекс од куќи! Повтори во себе и се насмевна цинично. Да му споменеш на некој дека бараш некој

комплекс од куќи, тој веднаш би помислил дека станува збор за некоја луксузна, изолирана заедница на богати луѓе кои не сакаат да се мешаат со обичниот свет. А каков комплекс е ова? Веројатно некоја заедница од луѓе што сакаат да бидат изолирани, затоа што од некоја само ним позната причина бараат мир и поради тоа не сакаат да бидат најдени. Но таа сепак ја најде неа. Иако не беше лесно да најдеш човек што се скрил од светот, како земјата да го проголтала и не сака да биде најден.

Таа ја бараше куќата со број тринаесет. Не беше суеверна, но целата ситуација, па и бројот тринаесет ја асоцираа на нешто лошо. Кога стаса близу до комплексот сфати дека лаежот доаѓал оттука. Можеше да ги забележи пците кои сега погласно лаеја. Кутрите тие, се џиткаа до задушување, опирајќи му се на металниот синџир, сакајќи да му се спротивстават на несаканиот гостин. Среќа нејзина што сите пци беа врзани, па слободно можеше да дојде до својата крајна дестинација.

Кога веќе беше доволно близу до куќите од џебот ја извади светилката и го осветли бројот со кој беше обележана куќата. Тоа беше тоа. Требаше само да затропа на вратата, но нешто не ѝ даваше да појде понатаму. Срцето забрзано ѝ чукаше. Ни самата не можеше да поверува дека после толку години ова ќе се случи. Сето тоа беше оставено, заборавено, некаде далеку во минатото.

- Уффф – воздивна, сакајќи само да го исфрли вишокот воздух кој и се беше насобрал во градите поради неправилното дишење.

Пред куќата со број тринаесет можеа да се забележат повеќе рибарски мрежи кои беа распослани на оградата и зацврстени од страните со јажиња, за да не ги замрси ветерот или издува. Кога веќе беше сосема близу, на прагот од куќата, забележа дека од внатрешноста се слушаат гласови. За момент застана. Сакаше да наслушне дел од разговорот кој се водеше зад затворената врата. Но по кратко време, кога беше сосем блиску, скоро залепена со увото на вратата, заклучи дека тоа воопшто не беше разговор, туку караница. Погледна на часовникот. Беше дваесет и еден часот и пет минути. Не е доцна за посета. Тропна на

вратата. За момент настана штама во куќата, но сепак никој не ѝ отвори. Почека неколку секунди и повторно затропа, но сега малку посилно од претходно.

На вратата се појави неугледен низок и дебел човек, со кратка седа и разбушавена коса. Кога вдиша од ладниот воздух кој неочекувано ги исполни неговите бели дробови, длабоко се закашла. Таквото кашлање укажуваше дека се работи за страстен пушач. Но по само неколку секунди, кога погледна подобро, таа сепак заклучи дека тоа суштество што стоеше пред неа не беше маж, туку жена. Жена која во ништо не потсетуваше на женско битие. Но сепак ја препозна, тоа беше таа. Ја немаше видено повеќе од дваесет години. Но некои работи и лица не се заборааат така едноставно, туку остануваат длабоко врежани во меморијата, независно колку и да се обидуваш да ги заборавиш.

Жената налик на маж за момент ги ококори очите и престана на кашла.

- ТИ? – Веднаш ја препозна и зачудено извика, но веднаш потоа продолжи, како зборовите кои ги изговараше да ѝ беа смислени многу одамна и само чекаше пригода кога ќе ги испушти во етерот.

- Јас си останав на зборот и никогаш не те побарав, токму онака како што бараше. Но ти дојде дури до овде, да ме најдеш. Зошто?

- Жива е!

# 3

Двете жени некое време стоеја пред вратата, гледајќи една во друга, не обрнувајќи внимание на студот. Тишината одвреме–навреме ја прекинуваше длабокото кашлање на жената која наликуваше на маж.

– Не! Тоа не е можно. Со свои очи видов како исчезна засекогаш во темнината. Со години не сум помислила на неа. Ме болат спомените. Кој ѓавол те донесе и тебе? Никогаш повеќе во животот не сакав да помислам на вашето проклето семејство. Побегнав, се скрив. Но човек повеќе не може да биде сигурен, па и доколку се скрие дури на крајот од светот. – Чудно беше да се слушнат олку емотивни зборови од личност што изгледаше како неа. Едноставно зборовите како да беа кажани од некоја нежна, кревка жена, а не од овој створ, груб, за кој не можеше да се претпостави на кој род му припаѓа.

– Мислам дека е малку непријатно, гостинот кој дошол од далеку, да не го поканиш да влезе – рече несаканата гостинка. – И јас не сум среќна што изодев толкав пат за да те најдам. Искрено не си ми омилената личност во животот, но бев приморана. Ми требаш. Но не само на мене. Мораш да им помогнеш.

Домаќинката не проговори ни збор, но се потргна два чекори, со што и даде на знаење на гостинката дека може да повели во внатрешноста на нејзиниот дом. Ако таа просторија воопшто можеше да се нарече дом. Изгледаше толку лошо. Мизерно. Од внатрешноста се ширеше лоша реа. Некаква мешавина на застоен воздух измешан со чад од цигари и мирис на скапана риба. Одвратно мирисаше, а исто така и изгледаше.

Во просторијата, која имаше околу десетина до петнаесет метри квадратни, на средината имаше мала маса со три столчиња. Веднаш зад масата, залепен за ѕидот имаше еден метален кревет, на кој лежеше маж на четириесетина години. Во аголот, лево од креветот пламтеше шпоретот на дрва. Во собата беше претопло. Изгледаше дека шпоретот скоро бил наложен, бидејќи тишината ја нарушуваше пукањето на гранчињата кои попуштаа под силните пламени јазици. Во собата имаше уште две врати. Едната веројатно беше од тоалетот, а другата од спална соба или некоја помошна просторија.

- Не обрнувај внимание на него. – Домаќинката покажа со раката кон мажот кој сè уште лежеше на креветот. Присуството на гостинката воопшто не го допираше. Тој не само што не ја поздрави, туку едноставно се заврти на другата страна и ѝ го сврте грбот.

- Седи! – покажа кон едно од столчињата.

Гостинката го соблече дебелиот капут и го префрли преку столот. Наеднаш повеќе не го чувствуваше студот. Почна да се препотува. Од лошиот мирис доби нагон да поврати. Но немаше друг избор, освен да се навикне. Па седна на столот.

- Дали некогаш си била во Австралија? – По долг молк ја праша едната жена другата, додека седеа една спроти друга на расклатената трпезариска маса, на која имаше мушама со засушени остатоци од храна. Домаќинката дури и по пет минути откако ѝ беше поставено прашањето молчеше, силно вовлекувајќи од цигарата и испуштајќи големи облаци чад. Во еден момент повторно почна да кашла. И наеднаш и неочекувано, кога таа помисли дека најверојатно ќе се задуши од сопствениот секрет, кој не можеше да го исфрли, одговори:

- Не! Само едно отсечно „не“ и повторно долго молчење и многу чад.

Другата жена само ја гледаше и се чудеше. Дали Господ Бог однапред го одредува животниот пат секому? Дали текот на животот на една индивидуа доведува до

креација на вакви суштества? Дали секој живот навистина е вреден? Зјапаше во неа, а потоа на кратко погледот ќе ѝ го одвлечеше мажот кој лежеше на креветот, но сепак се чинеше како да не е во просторијата или пак како таму да лежи мртовец. Безброј прашања поврзани за овие двајца безначајни луѓе ѝ се нижеа во главата. За потоа, самата на себе, во мислите, да си одговори.

Не, не се сите луѓе на светов исти. И не е точно дека секој живот еднакво вреди. Не! Таа не можеше да се согласи со тоа. Имаше многу примери околу себе кои постојано ја побиваа теоријата дека секој човек на оваа планета е значаен или барем еднакво значаен. Не! Не е така. Секој заслужува шанса, тоа е точно. Но што доколку ја прокоцка и не само таа едната, но и сто други кои му се дадени. Некој едноставно и покрај тоа што му е даден живот, не го сака. Но сепак живее. Се мачи живеејќи. А некој пак е полн со живот, го сака животот, ужива во него и некој ќе му го одземе. А тој што му го одзел е мрачен човек, се мрази најпрвин себеси, па затоа ги повредува и другите, и тоа најчесто оние кои што сакаат да живеат. Дали и жената пред неа беше од тој ков? Со мака стануваше секој ден, проколнувајќи го Господ што повторно дочекала ново утро. Но барем не прави штета на другите. Таа собра сили и ѝ упати една насмевка, и покрај тоа што воопшто не ѝ беше симпатична, напротив ја презираше.

– А сакав! – Ѝ возврати со краток одговор на поставеното прашање пред којзнае колку време. Веројатно ја забележа мојата насмевка, помисли гостинката, па тоа ја омекна. – Сакав да отидам уште пред таа да се врати. Мислев на неа долги години. Имав и некој телефонски број на кој вртев безброј пати, но никој никогаш не ми се јави. А потоа таа се појави. Се сретнавме. Го проколнувам денот кога повторно влезе во мојот живот, а сепак кога ќе се навратам station наназад сфаќам дека само таа ми даваше доволно причини за живеење, ме правеше среќна. Не можам точно да опишам како се чувствувам. Имам измешани чувства. И покрај тоа што по нашата средба таа повторно исчезна засекогаш, сепак сите овие години не ми даваше мир.

Поради неа побегнав толку далеку, но сѐ уште ме прогонува. Еве и ти си доказ за тоа. Твоето присуство сега го доживувам како нејзина сенка. Како таа да те испратила. Постојано имав чувство како да е тука некаде, како да ми е секогаш зад петиците. Како да ме демне нејзиното присуство. Потајно, можеби и сакав да ја сретнам, иако знам дека таа носи само неволја, страдање.

Таа повеќе не ѝ зборуваше на гостинката како да е натрапник кој ѝ ја разнишал секојдневната монотонија, напротив тонот на гласот ѝ се промени. Таа сега повеќе изгледаше како да има потреба да се исповеда некому, а гостинката дојде токму на време да ја ислуша.

– И јас со години го имав истото чувство. Сите овие години постојано мислев на неа. Не како да ми недостасува, туку некако чудно, како да се плашам од повторна средба. Се надоврза гостинката.

– Имало зошто! Воздивна другата жена. Средбата со неа е сѐ поизвесна. Ти дојде да ме поведеш во Австралија, така ли?

Првата жена само се насмевна и кимна со главата.

# 4

– Како дозна за неа? Праша домаќинката, давејќи се без престан од чадот кој самата го создаваше.

– Знаеш, долги години се трудев да не помислам на неа. Секојпат, кога само и за миг ќе се присетев, веднаш морници ме полазуваа и се зафаќав со некоја безначајна работа, што било, па нека беше тоа и најголемата глупост, најбаналната работа, само да не ми отиде умот во друга насока. Тешко ми беше првите години да научам да си ги контролирам мислите. Но потоа почнаа обврските со децата, постојано бев ангажирана, па со текот на времето искрено и заборавив. Морам да кажам дека поминав убави години со моето семејството, она кое јас го создадов. И секако подалеку од моите корени од кои потекнував, а ги проколнував. Но нели идиличниот живот не може да трае вечно, па така после дванаесет години брак и створени три деца, маж ми реши да се разболи и засекогаш да ме напушти.

Се насмевна таа со насмевка која беше реакција да годините поминати без сопругот и тешкиот живот. Таа иста насмевка, тој израз на нејзиното лице се појавуваше секој пат, кога ќе се присетеше на него. Беше јасно дека веќе одамна се беше навикнала да живее без него, но секако го немаше прежалено.

– Останав сама со три мали деца. Всушност јас и ти во тој период првпат се сретнавме. Паметиш, така? – ѝ упати една пријателска насмевка. Но од другата страна не доби ниту одговор ниту пак каква било гестикулација. По кратка пауза гостинката повторно почна да раскажува.

– Тогаш сè уште ги имав само двете момчиња. Но набргу потоа, по само една година на свет дојде и мојата

ќеркичка. Знаеш – тешко воздивна. – Во годините кога го создаваме семејството поедноставно за сите беше јас да ја напуштам работата и да им се посветам на децата. Најголемата грешка што може да ја направи една жена. – Со голема доза на каење ги изговори последните зборови.

– Мажот ми убаво заработуваше, па немаше потреба двајцата да работиме за да си обезбедиме убав и удобен живот. Но лошото не прашува кога да дојде, се појавува одеднаш, како гром од ведро небо. Е така беше и во нашиот случај. Децата тукушто се испилија, се зачовечија, а јас и маж ми имавме повеќе време да си посветиме себеси.

И тогаш кога мислиш дека сите проблеми ти поминале, тој закачи некоја настинка која му се провлекуваше со месеци. Го преколнував да оди на лекар, но поради работните обврски постојано ги одложуваше закажаните прегледи, или пак можеби беше некое претчувство, страв од она што ќе му ги кажат лекарите. Сè до моментот кога кашлајќи се онесвести. Е, потоа веќе беше доцна. Дијагнозата – рак на белите дробови, а прогнозата лоша. Предвидувањето на лекарите беше дека нема да издржи повеќе од два месеци. Така и беше. За неполни два месеци тој почина, а јас останав изгубена, што поради болката која ја чувствував кон него, што поради стравот како ќе продолжам да се грижам за трите деца, кои сега зависеа единствено од мене, а јас немав работа ниту пак знаев нешто да работам.

Е тоа беше моментот кога потклекнав и повторно почнав да мислам на неа, всушност на нејзината оставина, која ѝ беше наследство од баба ѝ. Господ ми е сведок дека никогаш претходно немав помислено на тие пари. Нејзината сметка беше замрзната, мртва исто како што беше и таа. Веднаш по смртта на Ана отидов во банката и ја замрзнав сметката и сè што имаше таа, дури ни средствата кои стигаа од каматата не ги подигав. Потпишав договор со банката, сите средства да се слеваат на таа сметка, која за мене реално не постоеше. Иако единствен наследник бев јас, ми беше одвратна помислата да ги трошам тие пари. За мене тоа беа проклети пари. Целиот имот и сметката

ѝ припаѓа на неа. Но како што реков, бев во безизлезна состојба, па колку и да ми беше против волја решив да ја активирам сметката. Сакав да видам со колку пари и имот располагам. Е дури тогаш доживеав шок. Пари на сметката немаше.

Последните зборови веројатно ја погодија жената која пушеше. Таа ги ококори очите и се зазјапа во својата соговорничка.

– Што велиш сметката била празна?

– Да, да сосем празна. Немаше ниту скршен долар на неа. И јас бев изненадена, шокирана, исто како ти сега. Мислев дека се работи за некоја грешка, па бев подготвена да се расправам со одговорните во банката. Во тој момент како да заборавив на смртта на мажот ми, бидејќи повторно бев опседната со минатото кое ме прогонуваше. Како сите духови повторно да оживеаја. Со години се обидував да дознам што се случило, но сите креваа рамена и никој во Холандија не можеше да ми одговори што навистина се случило и како сметката на мојата покојна сестра останала празна. Единствена опција ми беше да заминам за Австралија. Долго размислував и за таа опција, но поедноставно ми беше да најдам работа и да им се посветам на децата, бидејќи ним им беше потребен родител. Така се помирив со фактот дека парите ги нема.

– И само така, толку ли едноставно се откажа? Јас никогаш не би се откажала, особено не доколку се работи за Ана. – Домаќинката зачудено ја гледаше, која последните неколку минути, веројатно поради голема возбуда, немаше запалено нова цигара.

– А кога се сретна со неа? – нетрпеливо го чекаше одговорот.

– Не се сретнав! – кратко одговори гостинката.

– Како не се сретна? – зачудено праша домаќинката. – Па нели ми кажа дека е жива.

– Ах – воздивна гостинката. – Мислам дека е жива. Има работи кои укажуваат на тоа дека е таа, и дека е жива. Затоа и дојдов. Треба да дадеш исказ за неа. Да кажеш сѐ што знаеш.

– Да дадам исказ! – повтори домаќинката. – Да отидам до Австралија за да дадам исказ. – Се исклешти. – Нема шанси. Јас пак бев убедена дека е жива. Дека ја имаш видено. Само за час поверував, ма колку и тоа да е невозможно, дека навистина е жива. Но вие немате поим. Се сомневате дека таа можеби е жива. И што сега, само заради еден сомнеж, да пропатувам од едниот на другиот крај на светот. Еве ти велам, за џабе си дошла. Не одам за Австралија.

– А што доколку е жива? – праша гостинката. – Нели те копка да дознаеш? Нели рече дека ти би направила сѐ за Ана?

– Ајде, убеди ме. Можеби ти знаеш нешто повеќе што не сакаш да ми го кажеш – цинично ја погледна гостинката. – Знаеш ли?

– Не сакам ништо да ти сокријам. И не сакам ништо со сила да те терам. Сакам сама да си свесна за своите постапки и самата да решиш дали ќе ми помогнеш. Зошто инаку би дошла до тука? Дали мислиш дека нормален човек би дошол во оваа Недојдија, ако мисли дека не е важно. Јас навистина мислам дека ти можеш да бидеш од помош. Особено поради посебниот однос кој го имавте со Ана. Мислам дека она не би останала рамнодушна на тебе и твоето присуство. Кога ќе те види, едноставно ќе се скрши. Ќе попушти. Ти ѝ значеше многу.

Во собата повторно завладеа тишина. Гостинката сакаше да ја постигне целта на нејзиното патување, а домаќинката сакаше да дознае што е можно повеќе информации, за да ја донесе вистинската одлука. Одеднаш и неочекувано тишината ја прекина дофрлањето на досега немиот маж кој лежеше на креветот. Таа навистина ја послуша домаќинката и скоро и да заборави на него. Тој како да не беше присутен во собата. Но сепак се јави.

– Будала си ако не отидеш. Таа Ана, како и да се вика, е полна со пари. Оди и земи ѝ ги парите.

– Ти да молчиш! Проклетнику! – Домаќинката го дофати загореното метално лонче кое стоеше веднаш до неа на

масата и замавна кон мажот. Лончето удри од ѕидот и падна врз мажот. Гостинката се стресе. Не очекуваше ваква реакција. Но веднаш потоа се присети дека пред да влезе во домот на овие двајца луѓе, на кои не можеше да им ја одгатне релацијата, првото нешто што го слушна кога се приближи до влезната врата, беше кавга.

Земајќи го лончето во рака, тој се исправи и замава кон домаќинката. Но лончето прелета преку главата на гостинката. За среќа рефлексите сè уште добро ја служеа, па навреме успеа да ја наведне главата.

– Тогаш ќе можеш да ми ги вратиш парите. Во спротивно до крајот на животот ќе мораш да ме трпиш! – цинично ѝ се исклешти мажот и повторно се врати во своето удобно легло.

– Ќе леташ надвор. Ќе живееш со пците. Ќе смрзнеш од студ, доколку не престанеш да трескаш глупости – процеди низ заби домаќинката. – Не обрнувај му внимание – ѝ се обрати на гостинката како ништо да не се случило. Се чини дека ваквиот нивен однос беше секојдневие.

– Тој е една од последиците кои морам да ја трпам – додаде на крајот.

На гостинката повторно не ѝ беше јасно што навистина се случи. Сега всушност чувствуваше поголема непријатност поради нејзината посета и отседнување на ова место. Знаеше дека е непожелна, но немаше друг избор. Беше свесна дека тука ќе треба да ја мине ноќта. Но тоа и не беше толку важно. Она што беше поважно е да ја поведе со себе својата познаничка. Затоа продолжи со разговорот.

– Видов нешто на вестите.

– Што виде? – настојуваше домаќинката.

– Нешто што ме посети на неа. Нешто што беше нејзино, но сега го носеше едно момче.

– Што е тоа? Што виде? – беше упорна домаќинката. Ѝ требаше доказ да прифати дека Ана навистина е жива и дека гостинката не доаѓала за џабе до тука.